РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 05-825/3
14-03-2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за услуги БЕСТЕЛ ДООЕЛ
Бр. 0307-31/22
22.03 2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

Министерството за животна средина и просторно планирање со адреса на Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје претставувано од министерот Naser Nuredini (во натамошниот текст: „Нарачател на услуга”) и

Друштво за услуги „БЕСТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Владимир Каваев“ бр. 29, 1000, Скопје, претставувано од управителот Даниел Ефремов (во натамошниот текст: „Извршител на услуга”).

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на Договорниот орган и Носителот на набавката во врска со набавка на услуги за преведување, за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно понудата на Носителот на набавката, прилог на овој Договор, кои Носителот на набавката се обврзува да ги изврши, а Договорниот орган да ги користи и плати во согласност со одредбите на овој Договор.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

(1) Вкупната вредност на овој Договор изнесува 1.500.000,00 денари со вклучен износ на ДДВ.
(2) Набавката ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган, максимум до вредноста на склучениот договор од став (1) на овој член.
(3) Договорниот орган го задржува правото да не ја исполни во целост вредноста на набавката.
(4) Единечните цени за извршување на услугите од овој договор се утврдени во понудата, прилог на овој договор.
(5) Еднинечните цени се крајни, фиксни и непроменливи.

## III.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот се склучува на период од 1 (една) година, почнувајќи од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до целосна реализација на вредноста на договорот (што прво ќе доспее).

## IV. НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 4**

(1) Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го реализира сукцесивно, по претходно писмено барање (е-пошта), поднесено од страна на

Договорниот орган. Во прилог на барањето Договорниот орган го доставува и текстот кој треба да се преведе, во електронска или печатена форма.

(2) Носителот на набавката е должен да достави превод на текст согласно барањата на Договорниот орган во електронска форма во формат кој може да се уредува (MS Word).

(3) Времето за извршување на услугата:
- за превод до 5 страни во А4 формат е 24 часа од доставување на материјалот од страна на договорниот орган;
- за превод од 6 до 15 страни во А4 формат во рок од 48 часа од доставување на материјалот од страна на договорниот орган;
- за превод над 15 страни во договор со Договорниот орган и за итни преводи во договор со Договорниот орган.

(4) Кај симултаниот и консекутивниот превод, работен период во еден работен ден се смета периодот до максимум 9 часа.

(5) Доколку преводот не ги задоволува квалитативните барања на Договорниот орган, Носителот на набавката е должен да изврши корекции согласно насоките и во рок определен од Договорниот орган.

**Член** 5

(1) При вршење на услугите за преведување, потребно е да се внимава на следното:

-совпаѓање со терминологијата на договорниот орган, на терминологии од стручната област со конзистентно применување во целокупниот текст за преведување;
-стручни реченици, начин на пишување, интерпункција, правопис, дидактички знаци;
-лексички состав, фразеолошка точност и
-зачувување на сопствени или од страна на договорниот орган дадени одредници за стилот, користењето на соодветен јазичен регистар и избор на точни јазични варијанти.

(2) Договорниот орган има право во писмена форма да стави забелешка за извршените услуги за преведување. Носителот на набавката е должен да ги отстрани констатираните недостатоци на писмениот превод и во рок од еден ден да го достави исправениот преведен текст до договорниот орган.

## V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ И НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ

**Член 6**

Договорниот орган, плаќањето на услугите за преведување ќе го изврши по извршена услуга во рок до 30 дена по доставена фактура во архивата на Договорниот орган. Составен дел на фактурата е печатена форма на преводот кој е квалитативно одобрен од страна на Договорниот орган (идентична на електронската - по форма и содржина).

**Член 7**

При изготвување на фактурата, извршителот на услуги е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на нарачателот на услугата, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- опис на услугата;
- договорена цена;
- вкупна цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата фактура, валута на плаќање;
- валута на плаќање.

## VI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ, УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

**Член 9**

(1) Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

(2) При извршувањето на договорот договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ќе ги применат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 11**

(1) Кога една од договорните страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна ќе ѝ остави соодветен дополнителен рок за исполнување на обврската.

(2) Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, нема да ја исполни обврската ниту во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 12**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување, доколку од неговото однесување се покаже дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

## VII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

(1) Услов за потпишување договор со најповолниот економски оператор е обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорт во износ од 5% од вредноста на договорот (со вклучен ДДВ).
(2) Избраниот најповолен понудувач ја доставува гаранцијата за квалитетно извршување на договорот по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучувањето на договорот во рок од 5 (пет) работни дена од добиеното известување.

(3) Во исклучителни случаи, доколку банката не издава гаранција за квалитетно извршување на договорот без потпишување на договорот, истиот ќе се смета за склучен и ќе влезе во сила по доставувањето на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот чиј давателот на услуги се обврзува ја достави во рок од 5 (пет) работни дена од денот на потпишувањето на договорот.
Во случај да не се достави гаранцијата, иако договорот е потпишан, ќе се смета дека истиот не е склучен и може да се издаде негативна референца.

(4) Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка.
Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот му се враќа на давателот на услуги во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

(5) Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, давателот на услуги соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

(6) Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена, доколку носителот на надавателот на услуги не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести давателот на услугата.

## VIII. ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

**Член 14**

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

## IX. ВИША СИЛА

**Член 15**

(1) Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за загуба, штета, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор, кои се предизвикани со дејство на виша сила.

(2) Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

(3)Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна во случај на настапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Овој Договор се смета за склучен и стапува во сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни, односно на денот кога е потпишан од договорната страна која последна го потпишала, во случај договорот да не е потпишан во ист ден од двете договорни страни и важи до неговата целосна реализација.

**Член 17**

Доколку една од договорните страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот.
Доколку една од договорните страни не ја исполни својата обврска во определениот рок и со потребниот квалитет, другата страна ќе и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.
Ако договорната страна не ја исполни својата обврска во определениот рок, ниту во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 18**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата страна без одлагање.

**Член 19**

Сите евентуални недоразбирања кои можат да произлезат од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено во духот на добрите деловни обичаи и со меѓусебно договарање, а во случај на спор кој не може да се реши спогодбено, за истиот се определува надлежниот суд во Скопје.

**Член 20**

За сè што не е предвидено со овој Договор, ќе се применува Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 21**

Овој договор е составен од 6 (шест) примероци, од кои Договорниот орган задржува 4 (четири) примероци, а Носителот на набавката задржува по 2 (два) примерока.

**НАРАЧАТЕЛ НА УСЛУГА:**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Министер,**
Naser Nuredini

**ИЗВРШИТЕЛ НА УСЛУГА:**
**Друштво за услуги „БЕСТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје**
**Управител**
Даниел Ефремов

**Изготвил:** Faton Dardhishta
**Контролирал:** Burbuqe Haxhijaha
Марјан Крстевски
**Одобрил:** Весна Петрушевска
**Согласен:** Каја Шукова
Државен секретар

*Прилог: Конечна понуда по спроведена е-аукција на Друштво за услуги „БЕСТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје*